Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 55, 1 март 2011 година

март 2011 година
Штип

## С О Д Р Ж И Н А

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички труд одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент за наставно-научната област наука за управата на Правен факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип ........ 4

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање за научната област дизајнирање на текстил и облека на Технолошко-технички факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип ........ 9

**РЕФЕРАТ** за избор на двајца соработници (во звање асистент) за наставно-научната област животна средина на Факултет за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип ........ 15

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ ДОЦЕНТ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ НАУКА ЗА УПРАВАТА НА ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП

Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, на седницата одржана на ден 26.1.2011 година, донесе Одлука (1602-33/21 год.) за формирање на Рецензентска комисија за избор на наставник во насловно звање ***доцент*** за наставно-научната област ***наука за управата*** на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип во состав:

1. д-р Војо Беловски – доцент,
2. д-р Стеван Алексоски – редовен професор,
3. д-р Јован Ананиев – доцент.

По разгледувањето на приложените материјали и преземените активности, согласно со Законот и актите на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, Комисијата го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На Конкурсот, објавен во дневните весници „Дневник“ и „Лајм“ на 22.12.2010 година, за избор на наставник во звање *насловен доцент* за наставно-научната област *наука за управата* се јави само кандидатката д-р Јадранка Денкова.

Врз основа на член 142 од Законот за високото образование и член 131 од Статутот на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, Рецензентската комисија ги разгледа пристигнатите документи и констатира

***Биографски податоци***

Кандидатката **д-р Јадранка Денкова** е родена на 12 јануари 1963 година во Скопје. Во 1998 година дипломира на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, а во 2005 година магистрира на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ на тема „*Претпоставки за организациска ефективност и ефикасност на јавните научни установи*“. Магистерските студии ги завршува со просек 9,85 и се стекнува со звањето **магистер по кадровски менаџмент**. Исто така, во тек е изработката на магистерски труд на тема „*Местото и улогата на кризниот менаџмент во воспитно-образовниот систем во Република Македонија*“ под менторство на професорите од Националниот институт за планирање на образованието и администрацијата – Њу Делхи, Индија, од каде што по завршувањето на истражувањето ќе се стекне со меѓународна диплома **планирање во образованието и администрацијата**. Во 2010 година докторира на Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово на тема „*Правното дефинирање на кругот на одговорноста како основа за ефективна државна администрација во Република Македонија*“.

Во периодот од 1988 до 1992 година работи како раководител на Административно-правниот сектор во Издавачка куќа „Наша книга“. Од 1992 до 1998 година работи како самостоен аналитичар, специјалност – стопански криминал, недозволена трговија со дрога и оружје и организиран криминал, при Министерството за внатрешни работи, и како главен аналитичар во Одделот за меѓународни односи и стратешко планирање при Агенцијата за разузнавање. Во периодот од 1998 година до 2006 година е раководител на Административно-правниот сектор при Институтот за социолошки и политичко- правни истражувања и е секретар на Институтот, а од 2006 година работи како раководител на Секторот за финансиски прашања, правни и општи работи при Центарот за управување со кризи.

***Учество на семинари, обуки и тренинзи***

Во 1998 година учествува на семинар во Минхен, Германија на тема „*Интегрирана аналитика за состојби и процеси*“. Во 2002 година учествува на семинар во Ница - Франција, одржан на Универзитетот „Софиа Антиполис“, на тема „*Универзитетски менаџмент*“ од каде се стекнува со сертификат за успешно остварен престој. Во 2003 година ја посетува обуката на државни службеници во Институтот за јавна администрација во Париз. Во периодот септември – октомври 2004 година во Болоња, Италија, е на обука во Центарот за обука и стручни кадри за „*Нови вештини во процесот на управувањето со човечките ресурси*“, од каде се стекнува со сертификат за успешно остварен престој. Од февруари до мај 2006 година е во Националниот институт за планирање на образованието и администрацијата – Њу Делхи, Индија, од каде се стекнува со сертификат за помината прва фаза за посетување на програмата на тема „*Планирање во образованието и администрацијата*“. Во 2006 година е на семинар во Стокхолм, Шведска, на Шведскиот национален одбранбен колеџ, од каде се стекнува со диплома за учество во семинарот на тема „*Кризниот менаџмент и цивилното итно планирање*“. Во 2007 година на истиот колеџ се стекнува со диплома за учество на семинарот на тема „*Интернационален кризен менаџмент*“. Во 2008 година во Виена, Австрија, е на посета на Австриската влада во рамките на проектот Е-влада. Истата година учествува на семинар на тема „*Јакнење на соработката помеѓу земјите на Балканот во доменот на цивилната заштита*“ во Блед, Словенија, и на семинар во Анкара, Турција, на тема „*Процедури при справување со кризи*“. Во 2009 година во Сингапур учествува на петнаесетдневен семинар на тема „*Кризен менаџмент*“ под водство на Националниот универзитет во Сингапур. Во 2010 година во Грамиш, Германија, е на едномесечен престој во Маршал центарот на семинар на тема „*Интернационална безбедност*“ од каде се стекнува со диплома.

Во поглед на семинари во областа на јавната администрација, ги има посетувано следниве: „*Програма за обука на кадровски менаџери - проценка на остварувањето*“, семинар организиран од Фаре – Европска унија, во рамките на проектот „Реформа во јавната администрација“, како и на семинарот на тема „*Евалуација на програмите во пракса, вовед во концептот и методологијата*“ во истата организација. Учествува и на семинарот „*Стратешко планирање во јавната администрација*“ организиран од Евро Балкан и „*Законите во Европската унија*“ организиран од Економскиот факултет во Скопје. Исто така, учествува и на семинар организиран од Здружението на правниците во РМ на тема „*Сопственоста и другите стварни права*“ и на семинарот на тема „*Правните аспекти на подготвеност во случај на природни катастрофи*“, организиран од Националниот правен институт во Америка, одржан во Охрид.

***Објавени трудови***

Кандидатката д-р Јадранка Денкова е автор на следниве трудови:

Integration into European educational system: Student’s and teacher’s mobility and higher education reform in Republic of Macedonia, Милано, Италија, Avanza La Nuova Europa, Centro congressi Fondazione stelline, C.SO. Magenta 69 Milano;

Educational system in developing countries – Macedonia, International unit, National institute of educational planning and administration 17 – B, Sri Aurobindo Marg, New Delhi 110016, India;

Vocationalisation of School Education in Republic of Macedonia – National institute of educational Planning and Administration 17 – B, Sri Aurobindo Marg, New Delhi – 110016, India;

Коавтор во Analyzes of technical devices for protection of electromagnetic radiation, Third Scientific Conference with international participation, Space, Ecology, nanotetshnology, Safety, Varna, Bulgaria.

***Останати активности***

Кандидатката д-р Јадранка Денкова учествува во комисии за изработка на Законот за општинска соработка, Законот за упатување на лица во цивилни мисии и меѓународни организации. Член е на Комисијата за проценка и утврдување на штета од елементарни непогоди при Владата на РМ. Целокупното нејзино работно искуство и ангажман од стручно и научно ниво во голем дел се заснова на анализа на нормативни акти од аспект на јавната администрација, менаџирањето во образованието и менаџирањето со човечки ресурси, со заеднички акцент на подобрување на ефективноста и ефикасноста на правниот систем во РМ.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на приложените материјали, разгледувајќи ги професионалните активности и научноистражувачките активности на пријавената кандидатка, Комисијата како сериозен кандидат за избор во наставно звање насловен доцент ја предлага кандидатката д-р Јадранка Денкова**,** што може да се аргументира со следниве индикатори.

Кандидатката д-р Јадранка Денкова со својот професионален ангажман и со целокупниот творечки опус се промовира во сериозен истражувач и научник. Своите искуства и стекнатите сознанија од учеството на меѓународни семинари и конференции ги користи и ги имплементира во нашата научно-образовна средина. Со широкиот радиус на владеење со материјата од областа на јавната администрација и науката за управата, што ѝ овозможува континуирана комуникација со поширoката домашна и светска научна јавност, д-р Јадранка Денкова се легитимира како научник кој ќе даде непроценлив придонес во едукацијата на правници и новинари во Р. Македонија со нејзиниот избор за наставник по предметите од областа на науката за управата на Правниот факултет во Кочани.

Искуствата и стекнатите сознанија од учество на меѓународни семинари и конференции ги користи и ги имплементира во нашата научно-образовна средина.

Ако се земе предвид нејзината сфера на интерес, таа се промовира како научник кој ќе даде непроценлив придонес во едукацијата на идните новинари и правници во Р. Македонија со нејзиното ангажирање како наставник по предметите на насоката Новинарство и односи со јавноста и на другите насоки на Правниот факултет.

Земајќи го превид широкиот дијапазон на интереси и активности како личност, научник и истражувач, впечатокот за исклучителноста на нејзиниот интелектуален профил е неоспорен.

Кандидатката има стекнато големо искуство во сите сфери на научноистражувачката и апликативно - раководната дејност. Поради тоа може да се констатира дека го надминува определениот квантум да биде избрана во наставно звање насловен доцент, затоа што има остварено вкупно 105 поени.

Поради наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, д-р **Јадранка Денкова да ја избере за наставник по предметите од областа на науката за управата на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, во звање *насловен доцент*, согласно со објавениот Конкурс.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Војо Беловски –доцент, с.р.**
**Д-р Стеван Алексоски – редовен професор, с.р.**
**Д-р Јован Ананиев – вонреден професор, с.р.**

## ПРИЛОГ

### Табела за вреднување на активностите на д-р Јадранка Денкова, според критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Научноистражувачка активност (НИ)** | | | |
| Во 2010 година докторира на Универзитетот на Југоисточна Европа – Тетово на тема: **„Правното дефинирање на кругот на одговорноста како основа за ефективна државна администрација во Република Македонија“.** | 1 | 8 | 8 |
| Во 2005 година магистрира на ЈНУ Институтот за социолошки и политичко – правни истражувања при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ на тема **„Претпоставки за организациска ефективност и ефикасност на јавните научни установи“** | 1 | 4 | 4 |
| Во 2006 година е на семинар во Стокхолм, Шведска, на Шведскиот национален одбранбен колеџ, од каде се стекнува со диплома за учество во семинарот на тема „Кризниот менаџмент и цивилното итно планирање“ | 1 | 1,5 | 1,5 |
| Во 2008 во Виена, Австрија, е на посета на Австриската влада во рамките на проектот Е - влада | 1 | 1,5 | 1,5 |
| Во 2008 на семинар на тема „Јакнење на соработката помеѓу земјите на Балканот во доменот на цивилната заштита“ во Блед, Словенија | 1 | 1,5 | 1,5 |
| Семинар во Анкара, Турција, на тема „Процедури при справување со кризи“ | 1 | 1,5 | 1,5 |
| Во 2009 година во Сингапур семинар на тема „Кризен менаџмент“ под водство на Националниот универзитет во Сингапур | 1 | 1,5 | 1,5 |
| Во 2010 година во Грамиш, Германија, е на едномесечен престој во Маршал центарот на обука на тема „Интернационална безбедност“ од каде се стекнува со диплома | 1 | 8 | 8 |
| Во 1998 година на семинар во Минхен, Германија, на тема „Интегрирана аналитика за состојби и процеси“ | 1 | 1,5 | 1,5 |
| Во 2002 година семинар во Ница - Франција, одржан на Универзитетот „Софиа Антиполис“, на тема „Универзитетски менаџмент“ | 1 | 1,5 | 1,5 |
| Во 2003 година, Обука на државни службеници во Институтот за јавна администрација во Париз | 1 | 8 | 8 |
| Во периодот септември – октомври 2004 година во Болоња, Италија, обука во Центарот за обука и стручни кадри за „Нови вештини во процесот на управувањето со човечките ресурси“ | 1 | 8 | 8 |
| Од февруари до мај 2006 година е во Националниот институт за планирање на образованието и администрацијата – Њу Делхи, Индија. Обука на тема: Планирање во образованието и администрацијата | 1 | 8 | 8 |
| Програма за обука на кадровски менаџери Проценка на остварувањето, семинар организиран од Фаре – Европската унија, во рамките на проектот Реформа во јавната администрација | 1 | 1 | 1 |
| Програма за обука на кадровски менаџери „Вовед во концептот и методологијата“, семинар организиран од Фаре – Европската унија, во рамките на проектот Реформа во јавната администрација | 1 | 1 | 1 |
| Семинар „Стратешко планирање во јавната администрација“ организиран од Евро Балкан | 1 | 1 | 1 |
| Семинар организиран од Здружението на правниците во РМ на тема „Сопственоста и другите стварни права“ | 1 | 1 | 1 |
| „Законите во Европската унија“ организиран од Економскиот факултет во Скопје | 1 | 1 | 1 |
| Семинар организиран од Здружението на правниците во РМ на тема „Правните аспекти на подготвеност во случај на природни катастрофи“ | 1 | 1 | 1 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Семинар на тема „Правните аспекти на подготвеност во случај на природни катастрофи“, организиран од Националниот правен институт од Америка, одржан во Охрид | 1 | 1 | 1 |
| Вкупно | | | 61 |
| **Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност** | | | |
| Integration into European educational system: Student’s and teacher’s mobility and higher education reform in Republic of Macedonia, Милано, Италија, Avanza La Nuova Europa, Centro congressi Fondazione stelline, C.SO. Magenta 69 Milano | 1 | 6 | 6 |
| Educational system in developing countries – Macedonia, International unit, National institute of educational planning and administration 17 – B, Sri Aurobindo Marg, New Delhi 110016, India | 1 | 6 | 6 |
| Vocationalisation of School Education in Republic of Macedonia National institute of educational Planning and Administration 17 – B, Sri Aurobindo Marg, New Delhi – 110016, India | 1 | 6 | 6 |
| Analyzes of technical devices for protection of electromagnetic radiation, Third Scientific Conference with international participation, Space, Ecology, nanotetshnology, Safety, Varna, Bulgaria | 1 | 6 | 6 |
| Од 1998 до 2006 година, раководител на Административно – правниот сектор при Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања и е секретар на Институтот | 1 | 2 | 2 |
| Во 2006 година - раководител на Секторот за финансиски прашања, правни и општи работи при Центарот за управување со кризи | 1 | 3 | 3 |
| Комисија за изработка на Законот за општинска соработка | 1 | 5 | 5 |
| Комисија за изработка на Законот за упатување на лица во цивилни мисии и меѓународни организации | 1 | 5 | 5 |
| Член е на Комисијата за проценка и утврдување на штета на елементарни непогоди при Владата на РМ | 1 | 5 | 5 |
| **Вкупно** | | | 44 |
| **Вкупно НО+ НИ + стручно-апликативно** | | | 105 |